ДРУШТВО ЗА НАУЧНИ ДЕЈНОСТИ
ЕЗОТЕРНА ДООЕЛ
Бр. 02/09/14-01
02.09.2014 год.
СТРУМИЦА

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
Бр. 02-9147/1
02.09.2014 20 год.

На барање на приватниот партнер-концесионерот Друштво за научни дејности ЕЗОТЕРНА ДООЕЛ бр. 11-9040/1 од 02.10.2013 година за продолжувањето на рокот на Договорот за пристапување кон јавно приватно партнерство за реализација на проект изградба на Мини Хидроелектрична централа ТОПЛЕЦ бр. 02-492/1 од 28.11.2011 година, по претходно одобрување од страна на Владата на Република Македонија (Заклучок од Седумнаесеттата седница одржана на 26.08.2014 година), договорните страни

1. Министерството за животна срдина и просторно планирање претсавувано од министерот Нурхан Изаири (како јавен партнер и
2. Друштво за научни дејности ЕЗОТЕРНА ДООЕЛ преставувано од управителот Илиевски Кристијан (како приватен партнер)

Склучија:

## АНЕКС II

на Договорот бр. 28-11 од 28.11.2011 година за пристапување кон Јавно Приватно Партнерство за раелизација на прокет изградба на Мини Хидро електрична централа ТОПЛЕЦ

### Член 1

Предмет на овој Анекс е продолжување на рокот за изградба на Мини Хидро електрична централа ТОПЛЕЦ, определен во член 14 од основниот договор за дополнителни 220 дена, сметано од потпишувањето на овој анекс договор, а поради објективни причини наведени во барањето .

### Член 2

Во членот 14 од основниот договор ставот 1 се менува и гласи:

"Договорот се склучува за период од 21 година, а со изградба на објектот треба да се заврши и истиот да се пушти во употреба најдоцна до 09.03.2015 година."

### Член 3

Во останатото договорот останува непроменет.

За приватниот партнер
Друштво за научни
ЕЗОТЕРНА
Управител
Илиевски Кристијан

ДРУШТВО ЗА НАУЧНИ ДЕЈНОСТИ ЕЗОТЕРНА ДООЕЛ СТРУМИЦА

За јавниот партнер
Министерство за животна
средина и просторно планирање
Министер
Nurhan Izairi

Изработиле: Мелита Гочева
Одобрил: Ѓорговски Тодор

02 - 462/1
28. 11 11

ДРУШТВО ЗА НАУЧНИ ДЕЈНОСТИ
ЕЗОТЕРНА ДООЕЛ
Бр. 28-11/11
28.11.2011 год.
СТРУМИЦА

На ден 28.11.2011 во просториите на Јавното претпријатие за водостопанисување со хидросистем "Дојранско Езеро" од Стар Дојран, помеѓу Јавното претпријатие за водостопанисување со хидросистем "Дојранско Езеро" со седиште на Кеј 5-ти Ноември Стар Дојран претставувано од вршител на должност - директор Дуљанов Ташко од една страна и друштвото за научни дејности "Езотерна" доoел со седиште на улица Ванчо Преке број 18 во Струмица претставувано од управителот Илиевски Кристијан од друга страна склучен е следниот,

# Д О Г О В О Р

## За пристапување кон Јавно Приватно Партнерство за реализација на проект изградба на Мини Хидроелектрична Централа "ТОПЛЕЦ"

*воведен дел*

*Член 1*

Кратенки и ознаки кои ќе бидат користени во овој Договор:

| | |
|---|---|
| • ЈПВХС "Дојранско Езеро" | Јавно претпријатие за водостопанисување со хидросистем "Дојранско Езеро" |
| • Јавен партнер | Концедентот – ЈПВХС "Дојранско Езеро" |
| • ЈПП | Јавно приватно партнерство |
| • "Езотерна" доoел | Друштво за научни дејности "Езотерна" доoел |
| • Приватен партнер | Концесионерот - "Езотерна" доoел |
| • МХЕЦ | Мини Хидроелектрична Централа |
| • Закон | Законот за концесии и други видови на Јавно приватно партнерство |
| • Р. Македонија | Република Македонија |
| • Инсталирана моќност на МХЕЦ | Максимален капацитет на турбина и генератор изразен во кило вати |
| • Хидросистем "Дојранско Езеро" | Склоп на градежни, хидротехнички, хидромеханички, електромеханички, електроинсталациони и други објекти во функција на искористување на водата за повеќе намени, а со кои стопанисува ЈПВХС "Дојранско Езеро" |

Член 2

Материјално - правна основа за Договорот

ЈПВХС "Дојранско Езеро" од Стар Дојран кое стопанисува со хидросистемот "Дојранско Езеро" од кој првенствено со вода се надополнува Дојранското Езеро заради негов еколошки спас во текот на 2011 година покрена иницијатива за реализација на потфат за изградба на МХЕЦ на доводниот цевковод за надоплонување на езерото кај месноста Топлец. За таа цел беше изработена Студија за евалуација на проект со техничка и економска анализа од која требаше да се направи проценка за исплатливоста на потфатот и споредба на трошоците и придобивките во случај кога како инвеститор се јави ЈПВХС "Дојранско Езеро" во однос на реализација на потфатот во друга форма.

Управниот Одбор при ЈПВХС "Дојранско Езеро" после долги анализи на седницата одржана на 18.08.2011 донесе Одлука за реализација на потфат изградба на МХЕЦ по моделот на ЈПП (објавена во "Службен весник на Р. Македонија" број 126 од 20.09.2011. Согласност на таквата Одлука даде основачот, односно Владата на Р.Македонија која го стори тоа и Согласноста ја објави на 07.09.2011 во "Службен весник на Р. Македонија" бр.122.

ЈПВХС "Дојранско Езеро" подготви тендерска документација и на 29.09.2011 објави Јавен повик за прибирање на понуди за реализација на потфатот. По завршување на Јавниот повик на ден 24.11 2011 се состана и одржа седница Комисијата за подготвување, организирање и спроведување на постапка за пристапување кон ЈПП за изградба на МХЕЦ "Топлец". После извршената евалуација на понуди се донесе

заклучок во кој за најповолна понуда е понудата на "Езотерна" дооел од Струмица. Со тоа е избран најповолниот понудувач на Јавниот повик кој ќе биде приватен партнер со кого вршителот на должност директор на ЈПВХС "Дојранско Езеро" ќе го потпише Договорот за реализација напотфатот по моделот на ЈПП.

Член 3

Цел на проектот

Основна цел на проектот е водата која до сега користеше само за надополнување на Дојранско Езеро преку нејзино секундарно искористување да биде употребена за производство на електрична енергија.

Член 4

Цел на Договорот

Целт на овој Договор е регулирање на взаемните односи, обврските и правата помеѓу партнерите за време на изградба на проектот и по неговата реализација, односно за време на експлоатација помеѓу Јавниот партнер како давател на услуга од една страна и приватниот партнер како корисник на услуга и инвеститор од друга страна.

Член 5

Предмет на Договорот

Предмет на овој Договор е регулирање на односите со пристапување кон Јавно приватно партнерство како форма на потфат за реализација на проект изградба на МХЕЦ "Топлец" .

Член 6

Страни на Договорот

Страни на Договорот се ЈПВХС "Дојранско Езеро" како Јавен партнер од една страна и друштвото за научни дејности "Езотерна" дооел како приватен партнер од друга страна.

Член 7

Назив на проектот

МХЕЦ "ТОПЛЕЦ"

*обврски на партнерите*

Член 8

Материјално - правна основа на обврските

Обврските на партнерите произлегуваат од Одлуката за пристапување кон ЈПП донесена од страна на ЈПВХС "Дојранско Езеро", Одлуката донесена од страна на Владата на Р. Македонија, Јавниот повик, тендерската документација, Законот за концесии и други видови на ЈПП и Законот за облигациони односи на Р. Македонија.

Член 9

Обврски на приватниот партнер

Приватниот партнер се обврзува да:

9.1 Во рок од 30 дена од потпишувањето на овој Договор на сметката на Јавниот партнер уплати гаранција за изведба или да даде писмена согласност со која средствата уплатени како гаранција за учество во постапката бидат пренаменети во гаранција за изведба,

9.2 Во целост ја затвори финансиската конструкција на проектот,

9.3 Ги извади неопходните дозволи за реализација на проектот,

9.4 Ја набави и инсталира неопходната опрема за МХЕЦ,

9.5 Во целост ги покрива трошоците за одржавање на МХЕЦ за време на експлоатацијата,

9.6 Се однесува како добар домаќин кон инсталациите кои се во сопственост или со кои стопанисува Јавниот партнер ,

9.7 Овозможи пристап на Јавниот партнер при отклонување на одредени дефеци, ремонти и реконструкции,

9.8 Обезбеди непречен проток на водата за нејзината примарна намена со поставување на т.н. бај-пас,

9.9 Изнајде решение за инсталирање на што поголема инсталирана моќност на централата,

9.10 Ако е технички изводливо постави времена опрема за што поскоро отпочнување со работа заради стекнување со профит на партнерите, а нарочито Јавниот партнер кој е во тешка финансиска состојба,

9.11 Навремено информира за одредени ситуации кои би имале несакани последици врз нормалното одвивање на работите на Јавниот партнер,

9.12 Води грижа за животната средина,

Член 10

Обрски на Јавниот партнер

Јавниот партнер се обврзува да:

10.1 Овозможи слободен пристал на приватниот партнер до неопходните документи кои се во интерес на реализација на проектот,

10.2 Помогне и учествува во добивањето на неопходни дозволи поврзани со реализација на проектот,

10.3 Отстапи простор за изградба на техничка зграда и пропратни објекти,

10.4 Даде на располагање електро инсталации и електро уреди со кои стопанисува или се во негова сопстевност, а се неопходни за нормална работа на МХЕЦ "Топлец",

10.5 Ја испорачува преку МХЕЦ "Топлец" целокупната количина на вода за надополнување на езерото непречено во текот на целата година и за целиот период на Договорот,

Искучок од оваа обврска ќе се прави само во случаи на:

-елементарна непогода,

- отклонување на дефеци, ремонти, но не подолги од 15 дена во текот на една година,

10.6 Согласно Одлуката, гарантира режим на работа на системот од минимум 200 l/sec за целиот период на Договорот,

10.7 Навремено го информира приватниот партнер или неговата соодветна служба за одредени состојби кои би можеле да предизвикаат несакани последици врз опремата на МХЕЦ "Топлец",

10.8 Во рок од 30 дена од денот на пуштање со работа на МХЕЦ "Топлец" му ги врати на приватниот партнер средствата уплатени како гаранција за изведба,

*поделба на Приход и период на Договорот*

Член 11

Приход

Под Приход се подразбира целокупната сума која приватниот партнер ќе ја добива од операторот на пазарот со електрична енергија АД "МЕПСО" со продажба на произведената и реализирана електрична енергија во МХЕЦ "Топлец".

Ако дојде до статусна промена или приватизација кај операторот на пазарот со електрична енергија АД "МЕПСО" па дури й евентуална реализација на произведената електрчна енергија на слободен пазар й натаму терминот Приход ќе го има истото значење како во предходниот став од овој член.

Член 12

Наплата

Приватниот партнер е должен да достави фактура за реализирана и испорачана електрична енергија до операторот на пазарот АД "МЕПСО" најкасно до 5-ти во месецот и тоа секој месец во годината за предходниот месец и за целиот период на времетраење на Договорот.

Ако операторот на пазарот се однесува ажурно кон своите обврски, должен е да ја плати доспеаната фактура најкасно до 15-ти во месецот.

Член 13

Поделба на Приходот

Приватниот Партнер, по извршената наплата, согласно понудата и Одлуката за избор на најповолен понудувач од Јавниот повик е должен да му исплаќа на Јавниот партнер 15% од Приходот, дефиниран во член 11 од овој Договор најкасно до крајот на секој месец и секој месец во годината за реализацијата од предходниот месец и за целиот период на Договорот.

Член 14

Времетраење на Договорот

Договорот се склучува за период од 21 година од кои максимум две години се предвидени за изградба на МХЕЦ "Топлец" и 19 години како период на експлоатација.

Периодот на Договорот отпочнува од денот на неговото потпишување во 2011 година и ќе биде важечки до истиот датум во 2032 година.

Член 15

Продолжување на Договорот

Договорот може да биде продолжен по истекот на периодот со взаемна согласност на двете страни.

*статусни или други промени кај страните на овој Договор*

Член 16

Статусни промени кај Јавниот партнер

Во случај на промена на сопственоста или преодстапено правото на стопанисување со објектите од хидросистемот "Дојранско Езеро" на друг правен субјект, приватизација, ликвидација или стечај, а со кои во моментот на склучување на овој Договор стопанисува или се сопственост на ЈПВХС "Дојранско Езеро" тоа е должно да го информира новиот правен субјект за постоењето на овој Договр со што новиот правен субјект ги превзема обврските и ги ужива правата кои произлегуваат од него.

Во случај на статусна промена кај Јавниот партнер од ставот еден на овој член, Јавниот партнер е должен во рок од 7 дена од настанатите промени да го информира приватниот партнер после што страните на Договорот склучуваат анекс кон овој Договор во кој се внесуваат податоците од настанатите промени.

Член 17

Статусни промени кај приватен партнер

Во случај на статусни промени кај приватниот партнер тој е должен во рок од 7 дена да го информира Јавниот партнер за настанатите промени после што следи склучување на анкс кон овој Договор во кој ќе бидат внесени настанатите промени, а обврските кои произлегуваат од овој Договор кон Јавниот партнер како ѝ правата кои произлегуваат за приватниот партнер остануваат непроменети.

*сопственост и право на сопственост*

*Договорно ЈПП воспоставено со Договор помеѓу партнерите ги дефенира и сопственичките односи помеѓу нив*

Член 18

Сопственост на постоечките објекти и инсталации

Постоечките објекти и инсталации кои се во склоп на хидросистемот "Дојранско Езеро", се сопственост на Јавниот партнер.

Член 19

Сопственост на новоизградените објекти и инсталации

Новоизградените објекти и инсталации ќе бидат во целост финансирани од приватниот партнер, друштвото за научни дајности "Езотерна" дооел што е дел од обврските предвидени во член 9 од овој Договор.

Согласно Законот и логиката која призлегува од ставот еден од овој член, приватниот партнер è сопственик на новоизградените објекти, инсталации и опремата на МХЕЦ "Топлец".

Член 20

Сопственост на новоизградените објекти и инсталации по истекот на Договорот

По истекот на периодот на Договорот ако страните не се договорат за негово продолжување приватниот партнер е должен во рок од 30 дена од истекот на овој Договор да му ги предаде на располагање, односно пренесе во сопственост на Јавниот партнер новоизградените објекти, инсталации и опремата.

Ставот еден од овој член ќе се спроведе по моделот Проектирање, Изградба, Оперирање и Пренос DBOT (Design, Build, Operate and Transfer).

Исклучок од ставот еден на овој член е можен само ако дојде до промена на законската регулатива која ја третира оваа материја. Во тој случај, во периодот на истекот на Договорот ќе се применуваат актуелните позитивни законски прописи.

*мерки за неисполнување на обврските од Договорот*

Член 21

Страните на Договорот се сложни дека взаемно ќе соработуваат за успешно одвивање на сите активности од денот на потпишување на овој Договор, за време на изградба на проектот како ѝ за неговото времетраење, односно за време на експлоатацијата на МХЕЦ. Ова нарочито произлегува од интересот што ги поврзува двете страни преку Приходот.

Во случај на одредени недоразбирања страните се должни во рок од седум дена писмено да го известат партнерот за одредени активности или забелешки со кои треба да се усогласат активностите на другата страна или другата страна да се повика да одстрани одредени недостатоци.

Член 22

Ажурност на обврската за плаќање

Ако приватниот партнер не врши навремено плаќање на делот од Приходот кој му припаѓа на Јавниот партнер, а при тоа навремено ги добивал средставата од операторот на пазарот, должен е да му исплати законска камата на Јавниот партнер.

Член 23

Испорака на договорената количина на вода

Јавниот партнер е должен да ги исполнува условите за работа на МХЕЦ "Топлец" преку обезбедување на договорените количини на вода наведен во член 10 од овој Договор како нужен предуслов за нормално работење на централата кое ќе овозможи создавање на Приход на приватниот партнер како би можел тој пак да ги исполнува обврските од член 22 на овој Договор кон Јавниот партнер.

За неиспонување на обврската од страна на Јавниот партнер на договорените количини на вода, приватниот партнер има право на надоместок на штета од Јавниот партнер во висина на планиран, а неостварен Приход и законска камата за целиот период од Договорот.

Член 24

Надминување на спорни ситуации

Партнерот кој смета дека одредена активност кај другата страна може да предизвика несакани последици е должен да го информира другиот партнер, а ако овој не превземе навремени мерки следниот пат ќе треба да го информира во писмена форма и да му даде разумен рок за надминување на несаканата ситуациаја. Ако и тогаш не дојде до надминување на состојбата следат надоместоци на оштетената страна од предизвикувачот на штетата согласно овој Договор и применливото право во Р. Македонија.

Член 25

Еднострано раскинување на Договорот

Страните на овој Договор се во партнерски однос и ги поврзува заеднички интерес преку бенифитот што ќе го имаат со поделба на Приходот остварен со нормално фунционирање на МХЕЦ "Топлец" што претставува предуслов партнерите взаемно да се помагаат, да имаат разбирање еден за друг и да прават сè што е во нивна можност за непречено функционирање на централата. Од таа причина основна претпоставка е дека партнерите најпрво ќе изнаоѓаат разумен и спогодбен начин за надминување на недоразбирањата. Ако и покрај сите обиди не дојде до взаемно разбирање можено е и еднострано раскинување на овој Договор, но под одредени услови и со однапред дефенирани надоместоци предвидени во следните ставови на овој член.

Ако приватниот партнер:

а/ непрекинато во рок од една година не извршил исплата на дел од Приходот кој му припаѓа на Јавниот партнер, а при тоа имал редовна наплата од операторот на пазарот,

б/ заради несовесно работење сериозно го попречува нормалното работење на хидросистемот,

в/ со своите активности предизвикува опасност од аспект на безбедност,

Ако биде исполнет еден од наведените услови, Јавниот партнер најпрво ќе постапи согласно член 24 од овој Договор, но ако и после тоа не дојде до промена на состојбата, Јавниот партнер се стекнува со право на еднострано раскинување на Договорот. Во таков случај, Јавниот партнер ќе го превземе управувањето и раководењето со МХЕЦ "Топлец".

Аналогно на став два од овој член, ако Јавниот партнер:

а/ не се придржувал кон обврската за испорака на договорената количина на вода преку цевководот на кој работи турбината на МХЕЦ "Топлец" или на било кој друг начин го оневозможил нејзиното нормално функционирање во непрекинат период подолг од еден месец во текот на една календарска година,

б/ заради новонастанати ситуации на хидросистемот има потреба од трајно одстранување на МХЕЦ "Топлец" или траен прекин со надополнување на езерото со вода,

в/ ако од било кои причини трајно го оневозможил функционирањето на МХЕЦ "Топлец",

Ако се исполни еден од наведените услови, приватниот партнер се стекнува со право на еднострано раскинување на Договорот. Со тоа приватниот партнер се стекнува со право на еднократен надоместок на штета што ќе треба да му ја плати Јавниот партнер во висина на делот од планираниот Приход кој би му припаднал на приватниот партнер остварен со работа на централата при гарантираниот режим на испорака на вода од 200 l/sec за целиот период од Договорот.

Пред да дојде до еднострано раскинување на Договорот партнерите се должни писмено да се известат за намерата и да дадат образложение за исполнување на условот за таквата постапка.

*завршни одредби*

Член 26

Надлежен суд

Во случај на судски спор надлежен е Основниот Суд во Струмица.

Член 27

Број на примероци на Договорот

Овој договор е составен во 5 еднакви примероци од кои по два примерока за страраните на овој Договор и еден примерок за евиденција во Регистарот при Министерството за Финансии на Република Македонија.

За Јавниот пратнер:

ЈПВХС "ДОЈРАНСКО ЕЗЕРО"

Вршител на должност-директор Дуљанов Ташко

За приватниот партнер:

Друштвото за научни дејности "ЕЗОТЕРНА" дооел

Управител, Илиевски Кристијан

| | |
|---|---|
| 20 | ЈЗУ Здравствен дом – Неготино |
| 21 | ЈЗУ Здравствен дом – Пехчево |
| 22 | ЈЗУ Здравствен дом – Радовиш |
| 23 | ЈЗУ Здравствен дом – Ресен |
| 24 | ЈЗУ Здравствен дом – Ростуше |
| 25 | ЈЗУ Здравствен дом – Железничар |
| 26 | ЈЗУ Поликлиника при Универзитетот УКИМ |
| 27 | ЈЗУ Универзитетска клиника за токсикологија |
| 28 | ЈЗУ Универзитетска клиника за инфективни болести и фебрилни состојби |
| 29 | ЈЗУ Универзитетска клиника за трауматологија, ортопедија, анестезија, реанимација и интензивно лекување и ургентен центар |
| 30 | ЈЗУ Градска болница 8-ми Септември |
| 31 | Универзитетска клиника по хируршки болести – Св.Наум Охридски-Скопје |
| 32 | ЈЗУ Универзитетска клиника за хематологија |
| 33 | ЈЗУ Универзитетска клиника за максилофацијална хирургија |
| 34 | ЈЗУ Универзитетски стоматолошки клинички центар |

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр.41-480/1
7 февруари 2012 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски**, с.р.

---

633.

Врз основа на член 36 став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06 115/07, 19/08, 82/08, 10/10 и 51/11), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 7.2.2012 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ПРЕСТАНОК НА ВАЖЕЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОСНОВАЊЕ ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ВОДОСТОПАНИСУВАЊЕ СО ХИДРОСИСТЕМОТ "ДОЈРАНСКО ЕЗЕРО" - СТАР ДОЈРАН

1. Со денот на влегување во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за основање Јавно претпријатие за водостопанисување со Хидросистемот "Дојранско Езеро"-Стар Дојран ("Службен весник на Република Македонија" бр.15/2002).

2. Со денот на влегување во сила на оваа одлука, вработените, средствата, опремата, како и правата и обврските на Јавното претпријатие за водостопанисување со Хидросистемот "Дојранско Езеро"-Стар Дојран ги презема Министерството за животна средина и просторно планирање.

3. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр.41-798/1
7 февруари 2012 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески**,с.р.

---

634.

Врз основа на член 42, став 3 од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр. 17/2011 и 53/2011), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 7.02.2012 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ДАВАЊЕ НА ПРАВО НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ СОПСТВЕНОСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА НА ОПШТИНА ЦЕНТАР

Член 1

Со оваа одлука на општина Центар се дава право на трајно користење градежно земјиште сопственост на Република Македонија кое претставува:

- КП бр.12161/12 КО Центар 1 со површина од 32 м2 (евидентирано во Имотен лист бр.98913 од 10.01.2012 година).

Согласно извод со бр.26-4388/2 од 26.08 од Деталниот урбанистички план за дел од Урбан блок - Пресвета Богородица, донесен со Одлука бр.07-2699/2 од 30.06.2011 година од општина Центар и копие од нумерички податоци со список на податоци за формирање на градежна парцела под бр.1125/4 од 11.01.2012 година издадени од Агенцијата за катастар на недвижности, Центар за катастар на недвижности – Скопје.

- КП бр. 12141/30 КО Центар 1 со површина од 8 м2 (евидентирано во Имотен лист бр.98526 од 10.01.2012 година).
- КП бр. 12142/2 КО Центар 1 со површина од 25 м2 (евидентирано во Имотен лист бр.98985 од 11.01.2012 година).
- КП бр. 12141/28 КО Центар 1 со површина од 36 м2 (евидентирано во Имотен лист бр.98525 од 10.01.2012 година).
- КП бр. 12141/29 КО Центар 1 со површина од 1 м2 (евидентирано во Имотен лист бр.98526 од 10.01.2012 година).

Согласно извод со бр.26-4386/2 од 26.08 од Деталниот урбанистички план за дел од Урбан блок - Пресвета Богородица, донесен со Одлука бр.07-2699/2 од 30.06.2011 година од општина Центар и копие од нумерички податоци со список на податоци за формирање на градежна парцела под бр.1125/5 од 11.01.2012 година издадени од Агенцијата за катастар на недвижности, Центар за катастар на недвижности – Скопје.

- КП бр. 12161/13 КО Центар 1 со површина од 70 м2 (евидентирано во Имотен лист бр.99032 од 10.01.2012 година).

Согласно извод со бр.26-4387/2 од 26.08 од Деталниот урбанистички план за дел од Урбан блок - Пресвета Богородица, донесен со Одлука бр.07-2699/2 од 30.06.2011 година од општина Центар и копие од нумерички податоци со список на податоци за формирање на градежна парцела под бр.1125/3 од 11.01.2012 година издадени од Агенцијата за катастар на недвижности, Центар за катастар на недвижности – Скопје.

Член 2

Правото на трајно користење на градежното земјиште од член 1 на оваа одлука се дава без надоместок.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр.41-805/1
7 февруари 2012 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески**,с.р.

---

635.

Врз основа на член 11 од Законот за основање на Јавното претпријатие Македонска радиодифузија („Службен весник на Република Македонија“, бр. 6/1998, 98/2004 и 48/2009), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 7.2.2012 година, донесе

ДРУШТВО ЗА НАУЧНИ ДЕЈНОСТИ
ЕЗОТЕРНА ДООЕЛ
Бр. 28-11-1/11
02.10.2012

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
Бр. 05-1791/18
20.09. 2012 год.

Имајќи предвид дека согласно Одлуката за престанок на важење на Одлуката за основање Јавно претпријатие за водостопанисување со хидросистемот ДОЈРАНСКО ЕЗЕРО ("Службен весник на Република Македонија" бр. 22/012) Јавното претпријатите за водостопанисување со хидросистемот ДОЈРАНСКО ЕЗЕРО престана да постои, а вработените, средствата, опремата како и правата и обврските на Јавното претпријатие ги превзема Министерството за животна средина и просторно планирање. Согласно член 16 од Договорот за пристапување кон јавно приватно партнерство за реализација на проект за изградба на Мини хидроцентрала ТОПЛЕЦ , договорните страни

1. Министерството за животна срдина и просторно планирање претсавувано од министерот Абдулаќим Адеми ( како јавен партнер и
2. Друштво за научни дејности ЕЗОТЕРНА ДООЕЛ преставувано од управителот Илиевски Кристијан (како приватен партнер)

## А Н Е К С

на Договорот бр. 28-11 од 28.11.2011 година за пристапување кон Јавно Приватно Партнерство за раелизација на прокет изградба на Мини Хидро електрична централа ТОПЛЕЦ

### Член 1

Предмет на овој Анекс е усогласување на Договорот Договорот бр. 28-11 од 28.11.2011 година за пристапување кон Јавно Приватно Партнерство за раелизација на прокет изградба на Мини Хидро електрична централа ТОПЛЕЦ и Одлуката за престанок на важење на Одлуката за основање Јавно претпријатие за водостопанисување со хидросистемот ДОЈРАНСКО ЕЗЕРО

### Член 2

Во сите членови од договорот се брише "Јавно препријатите за водстопанисување со хидрисистемот ДОЈРАНСКО ЕЗЕРО " се запишува "Министерство за животна средина и прсторно планирање".

### Член 3

Како потписник за јавниот партнер се брише "ЈПВХС ДОЈРАНСКО ЕЗЕРО и вршител на должност директор Дуљанов Ташко " се запишува " Министерство за животна средина и просоторно планирање министер Abdulaqim Ademi .

Член 4

Во останатотро договорот останува непроменет.

За приватниот партнер
Друштво за научни
ЕЗОТЕРНА
Управител
Илиевски Кристијан

За јавниот партнер
Министерство за животна средина и просторно планирање
Министер
Abdilaqim Ademi

Изработиле: Тодор Ѓорговски
Одобрил: др Соња Лепиткова

IOUIE

**EZOTERNA Pty.Ltd.** ΣTA **ЕЗОТЕРНА дооел**

Theoretical Physics Research Center
18 Vanco Prke, 2400 Strumica, R.Macedonia
ezoterna@gmail.com; **389 (0)78 314-554 ; (0)70 214-227

Друштво за Научни Дејности
Ванчо Прке 18, 2400 Струмица, Р.Македонија
ezoterna@gmail.com; 078 314-554; 070 214-227

Друштво за научни дејности ЕЗОТЕРНА ДООЕЛ Бр. 8-14/1 08.08.2014 СТРУМИЦА

08.08.2014

**Министерство за животна средина и**
**Просторно планирање на Р. Македонија**

**Сектор:**
**ДРЖАВЕН СОВЕТНИК ЗА ПРАВНИ РАБОТИ**
**Г-дин ТОДОР ЃОРГОВСКИ**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ СКОПЈЕ

| Примено: | 13. 08. 2014 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 02 | 8651 | /1 | |

**Предмет:**
**Продолжување рок на изведба на проект МХЕЦ "ТОПЛЕЦ"**

Почитувани,

***хронологија,***

1. "Езотерна" дооел има склучено Договор за реализација на проект изградба на мини хидроелектрична централа (МХЕЦ) "ТОПЛЕЦ" во нов Дојран во форма на Јавно Приватно Партнерство (ЈПП) на ден 28.11.2011.
   Концедент: Јавно претпријатие за стопанисување со хидриосистем "Дојранско Езеро",
   Концесионер: "Езотерна" дооел – Струмица,
2. Со Одлука на Влада на Р. Македонија од **07.02.2012**, Јавното претпријатие престанува да постои, а сите права и обврски од Договорот во име на концесионер ги превзема Министерството за животна средина и просторно планирање ("Сл. Весник на Р.М." бр.22 од 13.02.2012).
3. Склучен Анекс Договор на **02.10.2012** помеѓу "Езотерна" дооел и МЖСПП (ваш Бр.05-1791/18).
4. Од наша страна поднесено е барање за продолжување на рок на изведба за периодот од престанок на постоење на Јавното претпријатие до потпишувањето на Анекс Договорот.
5. На состанок одржан во февруари 2014 во МЖСПП во присуство на претставници на МЖСПП, Министерството за Економија, Кабинетот на Вицепремиерот Пешевски и на "Езотерна" донесен е заклучок заради отпочнати избори, а со тоа и право на потпишување на документи да се достави барање со мнение до Влада на Р. Македонија.
6. На Седницата на Влада на Р. Македонија одржана на 08.04.2014 донесен е Заклучок Министерството (МЖСПП) да ги провери роковите и самостално да донесе Одлука за продолжување на рокот на Договорот.
7. Централата во целост е завршена и пробно пуштена во погон во присуство на претставници на производителот на опрема HRC – Hangzhou Regional Center (Asia & Pacific) од Р. Кина на 31.06.2014.

Рокот на изведба кој требаше да биде продолжен со Анекс за периодот помеѓу престанок на постоење на Јавното претпријатие 07.02.2012 и потпишувањето на Анекс Договор со МЖСПП на 02.10.2012 односно период од 8 месеци не е склучен заради изборите. На овој рок треба да се надодаде и периодот на избори затоа што независно од реално изведената состојба на терен, целиот процес формално правно е прекинат, односно оневозможно е поднесувања на барања за добивање на, со Закон предвидени одобренија, до надлежните институции.

Ве молиме да имате предвид дека добивањето на одобренија како што е водостопанска согласност од страна на МЖСПП (30 дена) на база на која се поднесува барање за привремен статус на повластен производител и привремена лиценца за производство на електрична енергија од Регулаторна Комисија за Енергетика (45 дена)после што следи записник од страна на Агенцијата за Енергетика (30 дена) врз основа на кој се поднесува барање до Регулаторната Комисија за стекнување на траен статус на повластен производител и трајна лиценца (45

дена) сам посебе е долготраен процес затоа што овие одобренија не се издаваат едновремено туку се сукцесивно поврзани.

***Сакаме да напоменеме***:

- МЖСПП е наш Јавен партнер и согласно Договорот е обврзано да не помага во процесот на реализација на проектот,
- Перманентно помагаме на Вашите вработени ангажирани за одржување на системот за спас на Дојранско езеро (поправка на теренско возило и набавка на резервни делови на наша сметка, поправка на целокупната линија за осветлување и замена на сите оштетени склопки, кабли, осигурувачи, сензори и слично, замена на девет оштетени канделабри со нови, чувар на терен, поставен систем за наводнување на зелени површини , итн.),
- Поставен одводен канализационен систем во должина од 330 метри,
- Поставени кабли, а очекуваме наскоро и поврзување на телекабел со сигнал за интернет, ТВ и видео надзор,
- Објетот – машинска зграда, е изведен со дупли ѕид така што е оставена надворешната страна за естетско архитектонско дотерување како би се вклопила амбиентално во опкружувањето,
- Во машинската зграда изградена и опремена е канцеларија со површина од 30 м$^2$, ВЦ и туш кабина,
- Заради беспрекорно работење на постоечкиот систем на крајот од цевководот поставен е исклучително скап иглести автоматизиран затварач f-1,000 mm,
- За оптимално работење на централата зависно од режим на работа на системот поставени се две машински единици комплетно независни една од друга,
- И најпосле, вработен е човек со завршено високо образование – земјоделски факултет за одржување на хортикултура која системски ќе почне да се средува по завршување на период на вегетација,
- Поставени инсталации доводна вода, канализација и ел. енергија за јавен тоалет,

Ве уверуваме дека крајно одговорно ги извршивме сите активности и со максимално почитување на опкружувањето, односно водевме и ќе водиме грижа за животната средина.

Уверени сме дека многу скоро ќе биде потпишан Анекс за продолжување на рок на изведба како би можеле што поскоро да стартуваме со работа, а бенифит од тоа покрај нас како инвеститор ќе имате и Вие затоа што со Договорот 15% од Приход одат за Јавниот партнер и секако одреден број на вработени оние што се веќе ангажирани и нови вработувања на стручни лица зависно од потребите на хидро централата.

Прилог:

- Договор за ЈПП со Јавно претпријатие Хидросистем "Дојранско Езеро",
- "Сл. Весник" на Р. Македонија за престанок на Јавно пртепријатие,
- Анекс Договор со МЖСПП,
- Фотографии од објект и опрема,

Контакт:
Кире 070 214-227

ДРУШТВО ЗА НАУЧНИ ДЕЈНОСТ ЕЗОТЕРНА ДООЕЛ СТРУМИЦА

Илиевски Кире

"ЕЗОТЕРНА" е специјализирана компанија за производство на електрична енергија во МХЕЦ-Мини Хидро Електрични Централи. "Езотерна" е член на меѓународното здружението за производство на енергија од обновливи извори "Енерго Плазма", член на сојузот на производители на зелена енергија на Р. Бугарија, асоцијативен член на "Markis"-Industrial Development Center од Данска, соработник на HRC-Hangzhou Regional Center for Small Hydro Power (Asia Pacific) од Р. Кина и соработник со ESHA - European Small Hydro Power Association

**EZOTERNA Pty.Ltd.**
Theoretical Physics Research Center
18 Vanco Prke, 2400 Strumica, R.Macedonia
ezoterna@gmail.com; **389 (0)78 314-554 ; (0)70 214-227

**ЕЗОТЕРНА дооел**
Друштво за Научни Дејности
Ванчо Прке 18, 2400 Струмица, Р.Македонија
ezoterna@gmail.com; 078 314-554; 070 214-227

11.07.2014

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
СКОПЈЕ

| Примено: | 13. 08. 2014 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност |
| 02 | 8662 | 1 | |

13-3
11.07.2014

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**Предмет:**
**Продолжување на рок на изведба на МХЕЦ "ТОПЛЕЦ"**
**Ваш Бр. 11-9040/1 од 02.10.2013**

Почитувани,

На 02.10.2013 имаме поднесено барање за **продолжување на рок на изведба** на МХЕЦ ТОПЛЕЦ. Продолжувањето кое ни беше ветено на состанокот одржан во Вашето Министерство, а организиран од страна на државниот секретар Г-ѓа Лепиткова беше одложено заради изборите кои беа отпочнати во Р. Македонија. На истиот состанок ни беше кажано дека ќе ни биде надоместен рок на изведба од една година плус изгубениот рок поврзан со изборите.

Ве информираме дека МХЕЦ ТОПЛЕЦ е во целост комплетирана и пробно пуштена во погон во саботата на 31.06.2014 во присуство на стручен тим на производителот на опрема.

Ве молиме хитно да ни доставите продолжување на рок на изведба како би можеле да поднесеме барање за издавање на времена лиценца до Регулаторната комисија за енергетика на Р.М.

П.С.
Министерството за Животна Средина и
Просторно Планирање е наш Јавен Партнер во овој проект.

ДРУШТВО ЗА НАУЧНИ ДЕЈНОСТИ ЕЗОТЕРНА ДООЕЛ СТРУМИЦА

ЕЗОТЕРНА ДООЕЛ

Илиевски Кристијан, управител

"ЕЗОТЕРНА" е специјализирана компанија за производство на електрична енергија во МХЕЦ-Мини Хидро Електрични Централи. "Езотерна" е член на меѓународното здружението за производство на енергија од обновливи извори "Енерго Плазма", член на сојузот на производители на зелена енергија на Р. Бугарија, асоцијативен член на "Markis"-Industrial Development Center од Данска, соработник на HRC-Hangzhou Regional Center for Small Hydro Power (Asia Pacific) од Р. Кина и соработник со ESHA - European Small Hydro Power Association

Република Македонија
**Влада на Република Македонија**

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009
SGS

**ДО МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ**

**СКОПЈЕ**

Влада на Република Македонија
Генерален секретаријат
Бр. 42-7012/1
26.08.2014 год.

Бул. Илинден бр.2,
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3118 022
Сајт: www.vlada.mk

**ИЗВАДОК**
**од Нацрт – записникот од Седумнаесеттата седница на Владата на Република Македонија, одржана на 26.08.2014 година**

„ТОЧКА 84: Информација во врска со барањето на Друштвото за научни дејност Езотерна ДООЕЛ-Струмица за продолжување на рокот за изградба на МХЕЦ „Топлец"

Владата ја разгледа Информацијата во врска со барањето на Друштвото за научни дејност Езотерна ДООЕЛ-Струмица за продолжување на рокот за изградба на МХЕЦ „Топлец", ја усвои Информацијата и го одобри продолжувањето на рокот за изградба на МХЕЦ „Топлец" за дополнителни 220 дена, за што Министерството за животна средина и просторно планирање ќе потпише анекс кон Договорот за јавно приватно партнерство со кој ќе се продолжи рокот за изградба на МХЕЦ „Топлец"."

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР**

**Кирил Божиновски**

Подготвил: Владимир Лазаревски
Контролирал: Љубица Р. Димовска
Одобрил: Митра Спасовска